Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД
Бр. 02-387/3
20.11.2018 год.
ТЕТОВО

Врз основа на член 383 став 1 точка 1, член 417, 418 и 419 од Законот за трговските друштва (Службен весник на РМ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10 , 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13 , 38/14, 41/14, 138/14, 88/2015, 192/15, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 78/2018 и 120/2018 ) а во врска со член 154, 155, 156, 157 и 158 од Статутот на Друштвото, а врз основа на иницијативата бр.02-379/1 од 16.10.2018 година, покрената од акционерот Златко Пирузе за измена на Статутот на "Жито Полог" АД – Тетово бр.02-30087/4 од 28.12.2015 год., и Предлог-одлуката број 02-381/3 , утврдена на ден 17.10.2018 година од страна на Одборот на директори на"Жито Полог" АД – Тетово, Собранието на акционери на "Жито Полог" АД – Тетово на седницата одржана на ден 20.11.2018 година ја донесе следната,

# ОДЛУКА
## За измена на Статутот на "Жито Полог" АД - Тетово

### Член 1

Во Статутот на Жито Полог АД – Тетово – Пречистен текст бр .02-30087/4 од 28.12.2015 год членот 84 се менува и гласи:

"Одборот на директори има 3(три) члена, од кои 1(еден) член е извршен член, а 2(два) члена се неизвршни членови.
Еден неизвршен член на Одборот на директори Собранието го избира како независен неизвршен член на Одборот на директори.
Бројот на извршните членови на Одборот на директори мора да биде помал од бројот на неизвршните членови на Одборот на директори.
Извршниот член на Одборот на директори го носи називот Генерален Извршен директор( во натамошниот текст Генерален директор).
Генералниот Извршен директор го води работењето на Друштвото и на негов предлог Одборот на директори ја утврдува внатрешната организација и начинот на кој што се врши координацијата и водењето на работењето на Друштвото.
Ниту едно лице во исто време не може да биде извршен и неизвршен член на Одборот на директори."

### Член 2

Членот 160 од Статутот се менува и гласи:
"Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на "ЖИТО ПОЛОГ" АД – Тетово – Пречистен текст (број 02-30087/4 од 28.12.2015) што е усвоен на седница на Собранието на Друштвото одржана на ден 28.12.2015 година."

### Член 3.

Се овластува Одборот на директори врз основа на оваа Одлука да подготви пречистен текст на Статутот во кој што ќе се внесат измените извршени со оваа Одлука.

**Член 4.**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзино донесување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Во Статутот на Жито Полог АД – Тетово- Пречистен текст бр. број 02-30087/4 од 28.12.2015 е предвиден едностепен систем на управување на друштвото, односно Одбор на директор кој брои 5(пет) члена од кои 1(еден) е извршен член. Со цел да се обезбеди поголема функционалност во работењето како и побрзо донесување и спроведување на одлуките на одборот, потребно е да се намали бројот на членовите на одборот на вкупно три члена.

Имајќи ја во предвид оваа околност акционерот Златко Пирузе кој поседува повеќе од една десеттина од вкупниот број на акции со право на глас издадени од "Жито Полог" АД – Тетово , согласно член 417 од Закон за трговски друштва, на ден 16.10.2018 година покрена иницијатива број 02-379/1 во форма на амандмани за промена на оние членови од постоечкиот Статут со кои се регулира составот на Одборот на директори на Друштвото.Оваа иницијатива ја достави до Одборот на директори за понатамошна постапка.

Покренатата иницијатива, Одборот на директори ја прифати во целост и на седницата одржана на ден 17.10.2018 година ја утврди оваа Предлог – Одлука за измена на Статутот на "Жито Полог" АД – Тетово бр.02-30087/4 од 28.12.2015 година и истата ја доставува до Собранието на акционери заради нејзино донесување.

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**Горица Костова**

ЖИТО ПОЛОГ АД
ТЕТОВО